**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Дел бр. 09-32/2
Дата: 04.04.2024 год.
Битола

| | |
|---|---|
| **Државно музичко училиште - Битола** | |
| **Конечен извештај од извршена интегрална евалуација** | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | од 30.10 - 01.11.2023 година |
| **Број на извештај:** | 11 /Пелагониски регион/2023 година |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Весна Корлевска |
| **Вид на училиштето:** | основно и средно образование |
| **Подрачни училишта** | / |
| **Основач на училиштето:** | Р. С. Македонија |
| **Наставен јазик:** | македонски јазик |
| **Број на ученици:** | средно: 91; основно: 455 |
| **Полова структура на ученици:** | м. 52 ж. 39; м. 228 ж. 227 |
| **Број на наставници:** | 70 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Миле Трајковски |
| **Директор на училиштето:** | Кирил Стојчевски |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | Од 19 до 21.02.2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | бул. „1-ви Мај“ бр.110 Битола |
| **Телефон:** | 047 - 224-766 |
| **Факс:** | / |
| **e-mail:** | dmu-bitola@schools.mk |
| **Оценка ИЕ** | Добро 3,3 |

Инспекцискиот надзор е извршен во согласнот сочленовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/05; 81/08; 148/09; 57/10; 51/11; 24/13; 137/13; 164/13, 41/14,33/15, 145/15 и 30/16) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006)

1[1]Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на работата на училиштата, постојат четири квалитативни нивоа:
1. Не задоволува
2. Делумно задоволува
3. Добро и
4. Многу добро

## Резиме

Во Државно музичко училиште - општина Битола во период од 30.10 до 01.11.2023 година, согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за просветна инспекција, извршена е интегрална евалуација од страна на тим на тројца државни просветни инспектори. Целта на интегралната евалуација е да се оцени квалитетот на воспитно-образовниот процес во училиштето како и примената на законите, другите прописи и општи акти со кои е регулирано образованието.

За време на тридневниот надзор тимот на државни просветни инспектори ги спроведе сите планирани активности предвидени со Прирачникот за вршење на интегрална евалуација. Посетени беа 35 наставници кои реализираат настава во училиштето, се одржаа планираните состаноци со директорот на училиштето, стручните соработници, стручните органи и тела (дел од наставниците, Училишниот одбор и Советот на родители).

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот по седумте подрачја за квалитет на воспитно-образовниот процес, разговорите водени со различните фокус групи, посетата на наставните часови, анализа на доставените прашалници, тимот на државни просветни инспектори констатира дека квалитетот на целокупната работа во Државно музичко училиште - Битола е на ниво добро (3,3).

Воспитно-образовната работа во Државно музичко училиште - Битола се остварува врз основа на наставни планови за основно и средно музичко образование. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем.

Во училиштето формиран е инклузивен тим за работа со деца со посебни потреби, иако нема ученици со посебни образовни потреби.

Наставниците изработуваат годишни и тематски планирања, како и оперативен план за наставен час во согласност со наставните програми и насоките за планирање и организација на наставата и годишната програма за работа на училиштето.

Со Годишната програма за работа на училиштето, се планираат и реализираат воннаставните активности, во согласност со потребите и интересите на учениците. При реализацијата од страна на училиштето, подеднакво е дадена можност за вклучување на сите ученици, без разлика на пол, етничка припадност и социјален статус на секој ученик. Воннаставните активности се реализираат во голем обем и многу добро. Училиштето учествува на ученички натпревари на општинско, регионално, и државно ниво, како една од формите на воннаставни активности. Училиштето при планирањето и реализацијата на воннаставните активности соработува со општината, со училиштата и други институции. Екскурзии не се реализирани последните три учебни години. Во почетокот на оваа учебна година е реализиран есенски излет со сите ученици.

Училиштето прибира податоци и изготвува извештаи и анализи за постигањата на учениците. Просечниот успех на учениците е над 4. Во училиштето се спроведува советување на родители од страна на психологот, за што се води евиденција. Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, која е добра. Постапката за премин на ученици од едно во друго училиште се почитува во целост.

Најголем број од наставниците ја реализираат наставата применувајќи различни наставни форми и методи, техники на учење, техники на оценување. Наставниците

работат со учениците индивидуално, во група, во парови или со целата паралелка. Најголем број од наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка, без да прават разлика меѓу учениците според пол и социјално потекло. Интеракцијата наставник-ученик е многу добра.

Училиштето има процедура за следење на наставниот процес, согласно програмите за работа на стручните соработници и директорот. Сите наставници се посетуваат најмалку еднаш во полугодие.

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Училиштето има систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Наставниците редовно ги ажурираат податоците во Е – дневникот.

Наставата во училиштето се изведува во кабинети и училници. Пристапот во училишните згради не е прилагоден за влез на лица со физички хендикеп, односно нема пристапна рампа на влезот.

Училиштето има и План за заштита и спасување од природни непогоди и План за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи. За време на одморите не се организираат дежурства по ходниците. Оваа учебна година изведена е симулација на спасување од елементарни непогоди. Училиштето е осигурано. Учениците се осигурани по желба, а и вработените се осигурани со осигурителна компанија.

Во училиштето нема организирана исхрана за учениците, учениците храна си носат од дома или купуваат од блиските продавници. Училиштето води политика за забрана на пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични средства. Во училиштето се забранува секаков вид на насилство.

Се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација. За наставниот кадар, на почетокот на секоја учебна година се вршат санитарни прегледи, за кои прегледи се водат санитарни книшки.

Училишната клима и односите помеѓу учесниците во воспитно-образовниот процес во училиштето се добри. Угледот/имиџот на училиштето е многу добар. Поведението и дисциплината на учениците во училиштето е многу добра. Промовирањето на училиштето е многу добро. Родителите во работата на училиштето се вклучуваат преку формалните законски форми - Совет на родители и Училишен одбор. Училиштето многу добро соработува со институциите на локалната заедница.

Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства, музички инструменти и други технички помагала е добра, со тенденција на подобрување поради потребата од набавка на дополнителна нагледност, која што е планирана со Програмата за развој на училиштето. Потребно е да се обезбедат компјутери за учениците, уште нови инструменти и технички помагала, соодветни за струката, како и стручни обуки на наставниците.

Управувањето и раководењето со училиштето е добро. Членовите на Училишен одбор (УО) се со легитимен мандат, и имаат поминато обука за членови на УО. Директорот на училиштето, како раководен орган, има професионален однос кон работата и како приоритет на своето работење го става подобрувањето на условите за работа на училиштето и постигањата на учениците.

Училиштето има изработено Самоевалуација (за период 2023-2021 година) и извештај за спроведената самоевалуација бр. 01-126/1 од 29.08.2023 год. Училиштето има изготвено Програма за развој бр. 01-127/1 од 29.08.2023 година, за периодот 2023-2027 година.

# КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

Наставата во Државно музичко училиште - Битола се реализира во два објекти: во две помали згради на булевар „1-ви Мај“ бр. 110, и дел од зградата на СОУ „Таки Даскало“ - Битола на ул. „Димитар Илиевски Мурато“ бр. 37 - Битола. Се реализираат наставни програми за основно музичко образование - кое е незадолжително и средно музичко образование. Во учебната 2023/2024 год., настава во средно образование следат вкупно 91 ученик, од прва до четврта година, распоредени во 4 паралелки. Наставата се реализира во кабинети и во училници. Во состав на училиштето нема подрачни училишта.

Се реализираат наставни програми од музичка струка, со профили од четиригодишно траење на образование: музичар-теоретичар и музичар-изведувач. За овие профили има верификација од Министерството за образование и наука : бр.10-1719/3 од 14.06.1993 година - за основно образование и бр. 11-2262/1 од 09.05.2001 година за средно образование.

Воспитно-образовниот процес се реализира во училници и кабинети за индивидуална настава, 2 концертни сали, 1 библиотека и други простории. Училишните згради се тврда градба. За реализација на спорт и спортски активности се користи училишна спортска сала од СОУ „Таки Даскало“, а во училишниот двор нема спортски терени. Според наставниот план за музичка струка учениците не реализираат практичната обука. Во училиштето нема виртуелна ни реална компанија.

Наставниот процес се одвива во две смени, на македонски наставен јазик. Во училиштето работат 70 наставници (од кои 7 надополнуваат од други училишта), социолог, психолог, двајца библиотекари, секретар, благајник, 5 лица - технички персонал и директор. Во училиштето наставниците се организирани во 5 стручни активи. Во моментот на интегрална евалуација бројот на ученици во основно образование е 455. Оваа бројка се менува заради незадолжителноста на основното образование, кое се плаќа партиципација од 2000 ден. за секоја учебна година.

Бројот на ученици во последните години благо опаѓа.

Основното музичко училиште е основано со Решение на Градскиот народен одбор - Битола бр. 998 од 12.10.1946 година. Средното музичко училиште е основано со Решение на Народниот одбор на општина Битола бр. 03/1-7326 од 05.11.1962 година.

Дејноста на училиштето е верифицирана со решение бр. 10 -1719/3 од 14.06.1993 год. за основно и дел. број 11-2262/1 од 09.05.2001 год. за средно образование од страна на Министерството за образование и наука – Скопје.

Училиштето има извршено упис во Централен регистар на РМ под број: 30420180000048 од 16.01.2018 година.

Училиштето добро соработува со Културно-информативниот центар - Битола, Центарот за култура Битола и други институции од Битола, од државата и пошироко.

За учебната 2023/2024 година училиштето има изготвено Годишна програма за работа (бр. 01-128/1 од 29.08.2023 год.).

Училиштето има изготвено Статут (бр.01-327/1 од 07.11.2013 год.), со добиена согласност од Министерството за образование и наука (бр. 19-14401/2 од 12.12.2013 год.) и Статутарнаодлука за изменување на Статутот (бр. 02-151/8 од 30.08.2019 год.) и добиена согласност од МОН (бр. УП1 18-2873 од 01.12.2019 год.).

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1. Реализација на наставните планови и програми

Државното музичко училиште - Битола е училиште во кое наставата се остварува во согласност со наставни планови за основно и средно музичко образование.

Во учебната 2023/24 година, нема запишано ученици со посебни образовни потреби. Во училиштето формиран е училишен инклузивен тим, составен од четири члена и тоа: директор, стручна служба (психолог и социолог) и наставник. Училишниот инклузивен тим има изготвено програма за работа за учебна 2023/24 год.

Во училиштето нема пропишана процедура за планирање и реализација на активности од меѓуетничка интеграција во образовниeто. Но, училиштето во изминатите три учебни години има реализирано активности од областа на МИО, односно реализиран е проект на тема „Звукот на различностите“ во соработка со музичко училиште од Пожаревац - Р. Србија, во кој се вклучени ученици од средното музичко училиште. Училиштето со училишниот хор во соработка со Здружението за ромско-турско пријателство „Ромско јато“-Битола, секоја година учествува во одбележување на светскиот ден на ромите.

Содржините во наставните програми од општо-образовните предмети и од теоретската група на предмети, овозможуваат постигање на целите од еколошките стандарди и еколошки теми.

Училиштето на учениците за трета и четврта година им нуди по два изборни предмети, согласно наставниот план. Изборот на наставни предмети на учениците им се дава како можност на крајот од втора, а пред запишување во трета година на средното образование. Изборот на изборните предмети од наставниот план, учениците го вршат согласно нивните желби и афинитети, но заради малиот број на ученици по години и неможноста да се формираат повеќе групи, учениците го изучуваат предметот кој го избрале поголемиот број ученици. Проблем се појавува и при изборот на инструмент во теоретската струка, заради ограничениот број на ученици кои можат да изберат одреден инструмент.

Наставниците ги изработуваат годишните и тематските планирања, како и оперативен план за наставен час во согласност со наставните програми и насоките за планирање и организација на наставата и годишната програма за работа на училиштето.

Во училиштето во средното образование се реализираат проектни активности за учениците од прва до четврта година, согласно наставниот план за теми „Љубители на музиката“.

Реализацијата на наставните планови и програми е добра и во пропишаниот обем.

## 1.2. Квалитет на наставните планови и програми

Во наставните програми од општообразовните предмети има содржини од аспект на мултикултурализам, родова и етничка рамноправност. Наставниците низ својата воспитно-образовна работа ја почитуваат родовата рамноправност и мултикултурна сензитивност. Истите овие теми се обработувани согласно наставната програма по предметот образование за животни вештини (класен час) за средното образование.

Постојат наставни предмети во кои има примери на вградени особености на локалната средина во поставените цели во наставните програми.

Училиштето нема разработени насоки за вградување на меѓупредметните цели во наставните програми што се реализираат. Сепак најголемиот број наставници ги остваруваат меѓупредметните цели како што се: развивање на самодовербата, иницијативноста, одговорноста, почитување на различноста и основните човекови права и јакнење на свеста на учениците, што е особено изразено при реализација на јавни настапи.

Во училиштето во изминатите три учебни години нема покренато иницијатива за измена или дополнување наставните планови и програми во насока на нивно подобрување.

## 1.3. Вонаставни активности

Со Годишната програма за работа на училиштето се планираат вонаставни активности. Истите се реализираат во многу голем обем и разновидност.

Училиштето во последните три учебни години има реализирано голем број на вонаставни активности и истите ги одразуваат потребите и интересите на учениците, го помагаат развојот на учениците за граѓански и општествени компетенции за доживотно учење и се нагласуваат локалните особености. Училиштето секоја година организира концерти во чест на познати личности, се учествува на „Шопенова вечер“ во соработка со полско-македонското друштво „Висла“, „Виолин фест“ Скопје, промоција на училиштето со концерт на Дувачкиот оркестар, музичко-театарски перформанс, одбележување на 76 годишнината од постоењето на Државното музичко училиште-Битола, со концерт на наставниците („Музички времеплов”) и многубројни други манифестации.

Најголемиот број од учениците во мешовит состав се вклучени во вонаставните активности. Учениците кои се вклучени во вонаставните активности, учествуваат во подготвувањето и остварувањето на истите.

Учениците со помош и поддршка од наставниците, учествуваат во различни манифестации од локален карактер, како и на голем број натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво. Постигнати се голем број на награди (лауреати, специјални, први, втори и трети награди) на општинско, регионално, државно и на меѓународно ниво. Во период од 2020 до 2023 година, на меѓународни натпревари учениците заедно со наставниците ги имаат постигнато следните награди и тоа: 13 лауреати, 30 специјални награди, 110 први места, 43 втори места и 11 трети места. На државен натпревар учениците имаат постигнато: една специјална награда, 58 први места, 15 втори места и 6 трети места. Исто така учениците имаат постигнато и голем број на награди на општински и регионални натпревари.

Заради малиот број ученици и специфичноста на програмата за екскурзии, не се реализираат повеќедневни ученички екскурзии. Во почетокот на оваа учебна година е реализиран есенски излет со сите ученици.

Вонаставните активности се многу добри.

# 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 2.1. Постигања на учениците

Училиштето ги следи постигањата на учениците според пол, по сите наставни предмети, по паралелки, по профили, за сите квалификациони периоди и презема активности за нивно подобрување. Постигањата се многу добри. Средниот успех на ниво на училиште во последните три учебни години не бележи значителни промени во успехот, односно: за учебната 2020/2021 г. средниот успех е 4,33, за 2021/2022 г. е 4,23 и за 2022/23 г. е 4,13.

Има и мал број вонредни ученици што го дооформуваат своето образование во ова училиште. Нивните постигања соодветно се евидентираат во училиштето. Постигањата на учениците се следат и при хоризонтално и вертикално движење на учениците. Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците од јавни настапи, колоквиуми, годишни испити и испитите од државна матура.

Наставниците наидуваат на потешкотии при поддршка на надарените учениците и ученици кои имаат тешкотии во учењето, поради фондот на часовите и превозот на учениците. Голем број на наставници реализираат додатна настава, особено пред натпревари и јавни настапи. Дополнителната настава училиштето ја организира и реализира континуирано, што придонесува за подобрување на постигањата на учениците.

Училиштето има многу добри постигања на државни и меѓународни натпревари.

Во училиштето нема ученици со посебни образовни потреби. Формиран е училишен инклузивен тим.

Во индивидуалната настава сите наставници имаат изготвено индивидуални образовни планови, за индивидуална работа и следење на постигањата на поедини ученици, со индивидуализирани образовни програми и цели, кои најчесто се прилагодени на образовните потреби на учениците. Наставниот процес се евидентира во дневник за индивидуална настава за поединечен ученик.

Во училиштето има тим и програма за поддршка на учениците кои имаат потешкотии во учењето. Наставниците во текот на наставата инцидентно и повремено вршат идентификација и во соработка со психологот работат со овие ученици на дополнителна настава. За ученици со потешкотии во учењето психологот води досие и записници од разговори. Во училиштето има тим и програма за поддршка на надарените ученици. Наставниците во текот на наставата инцидентно и повремено вршат идентификација и вршат прилагодување на планот за надарени и талентирани и истото го имплементираат во наставата во соработка со психологот работат со овие ученици и на додатна настава и одредени вonнаставни активности.

Училиштето согласно наставниот план, само во I и II година им овозможува на учениците премин од еден во друг образовен профил.

Училиштето редовно организира воннаставни заеднички активности со ученици од мешан етнички состав, со цел подобрување на интеркулурните компетенции кај учениците.

## 2.2. Задржување/осипување на учениците

Најголемиот број од учениците кои се запишуваат во училиштето се од општината Битола, како и ученици од соседните општини. За упис во прва година училиштето врши кампања по основните училишта, јавни установи (детски градинки) и локални медиуми, преку web-страната и социјалните мрежи. За учениците при упис се организира приемен квалификационен испит, каде се проверува музикалноста на учениците и тој испит е услов за запишување.

Училиштето соработува со родителите во однос на редовноста на учениците, која бележи тренд на благо покачување. Прибира податоци за причините на отсуствата на учениците, бројот на оправдани и неоправдани изостаноци на учениците, ги анализира состојбите. Редовноста на учениците треба да се подобри. Минатата 2022/23 год. имало 14,08 неоправдани изостаноци по ученик или вкупно 3290 оправдани и 570 неоправдани отсуства. Од разговорот со ученици се констатира дека во најголем број случаи неоправданите изостаноци се заради обемниот распоред на часови и реализирањето на наставата во два оддалечени училишни објекти. Има мал број примери на оправдување на изостаноците на учениците, ако се движеле меѓу двата оддалечени објекти.

Училиштето презема законски мерки против учениците и нивните родителите за нередовно посетување на наставата или самоволно напуштање на училиштето. Психологот врши континуирано советување на родителите на учениците кои се нередовни или имаат слаби постигања. Минатата учебна 2022/23 година од страна на училишниот психолог биле реализирани 28 советувања на родители заради поведение и 43 советувања - заради намален успех. Овие советувања го подобриле успехот кај учениците.

Осипувањето  на ученици во последните три години е незначително.

### 2.3. Повторување на учениците

Во последните три години во училиштето еден  ученик  ја повторувал годината.

# 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

## 3.1. Планирање на наставниците

Планирањата на наставниците се добри.

Во годишната програма за работа на стручната служба планирани се активности за следење и помош при изготвување на планирањата на наставниците. На наставнички совет, пред почетокот на учебната година, директорот и стручната служба ги известува наставниците за наставните програми и даваат насоки за изготвување на планирањата. Планирањата на наставниците од страна на стручната служба се следат при самото доставување. Стручната служба води евиденција за планирањата на наставниците. За сите наставници реализирани се обуки за користење на современи методи во наставата. Но, во изминатите три учебни години, во училиштето нема организирано стручно-музички обуки за наставниците. Стручната служба смета дека има потреба од обуки за наставниците од областа на психо-емоционално здравје. За реализација на наставните планови и програми сите наставници имаат изготвено годишни-глобални, тематски планирања и оперативни планови за час.

Освен редовната настава, наставниците ја планираат и дополнителната и додатната настава. Планирањата од најголем број на наставници ги содржат неопходните елементи за успешна реализација на наставата. Наставниците најчесто планираат индивидуално, во согласност со препораките на Биро за развој на образованието и дел на ниво на класи, како и во соработка со наставници од други музички училишта. Во текот на реализацијата на индивидуалната настава, наставниците ги прилагодуваат наставните програми за работа за учениците кои имаат потешкотии во учењето и за талентираните ученици. Предметниот наставник има можност да ја прошири наставната програма во зависност од способностите на ученикот.

Распоредот на часови го изработува наставник задолжен од страна на директорот на училиштето во соработка со стручната служба и наставниците. Поради тоа што дел од наставниците предаваат во основното и средно музичко образование, како и во други училишта, ограниченоста на учениците кои следат редовна настава во основните училишта и оддалеченоста на училишните објекти на училиштето, се појавуваат потешкотии во организацијата на распоредот на часови, при што не секогаш се почитува најдобриот интерес на учениците.

Кај сите општо-образовни предмети во текот на неделата има блок часови.

## 3.2. Наставен процес

Наставниот процес е добар.

При реализација на наставата во училиштето поголем број од наставниците користат разновидни наставни форми и методи на работа, кои се соодветни на потребите на учениците и нивните способности. Има добар број примери на наставници кои во наставата користат различни ресурси и приоди за учење, не ограничувајќи се исклучиво на одобрените учебници и дополнителна прирачна литература.

Кај наставните предмети од индивидуалната настава, наставниците ги развиваат индивидуалните способности на секој ученик. Индивидуалната настава најчесто се реализира во соодветен кабинет со користење на музички инструменти и опрема. При реализација на индивидуален час со корепетиција, наставата е реализирана од два

наставника. Со оглед на возраста на учениците, на часовите се вклучени различни видови на музичка активност. Наставниците внимаваат кон индивидуалниот пристап во постигањата поединечно за секој ученик. На учениците им се овозможува да работат со сопствено темпо. Учениците кои постигнуваат повисоки резултати им се задаваат соодветни содржини за побрзо напредување, додека учениците кои имаат потешкотии во учењето со нив се реализира дополнителна настава.

Реализацијата на групната настава е во училници, со користење на добар број наставни форми, методи и техники, како и соодветни музички инструменти и техничка опрема.

Во Годишната програма за работа на училиштето, планирана е дополнителната и додатната настава, како и вонnаставни активности. Поради обемноста на неделниот фонд на часови кај сите наставници, дополнителната и додатната настава се одвива со потешкотии. Пред одржување на јавен настап (јавен час, концерт, натпревари и други манифестации) редовно се одржува дополнителна и додатна настава. Во согласност со родителот за учениците кои се подготвуваат за натпревари дополнително се одржуваат додатни часови.

За дел од стручните предмети нема учебници, наставниците користат дополнителна стручна литература. По желба, учениците ги копираат наставните материјали или ги добиваат од наставниците преку интернет. Наставниците по стручните предмети индивидуално располагаат со стручна литература за реализација на наставните програми.

Во училиштето во две училници се инсталирани интерактивни табли, а во седум училници има инсталирано по еден компјутер за наставникот. Наставата по информатика се изведува со потешкотии. При реализација на наставната програма по информатика учениците на час немаат можност да користат компјутерска технологија.

Во училиштето нема безжичен wi-fi интернет.

Наставниците редовно задаваат домашни задачи за учениците и истите се задолжителни за секој ученик како во теоретските така и за предметите од индивидуалната настава. Задачите што се задаваат се во согласност со наставните содржини кои ги изучуваат учениците и во согласност со настапот, за кој учениците се подготвуваат.

Во годишните програми за работа на директорот и стручната служба, планирани се активности за посета на часови и изготвени се инструменти за следење на час. Во училиштето воспитно-образовната работа се следи од страна на директорот и стручната служба на училиштето. Секој наставник во текот на наставната година, два пати е посетен на час, од страна на директорот или стручната служба. Исто така преку одржување на јавните часови се следи работата на наставникот и постигањата на учениците.

Наставниот предмет Спорт и спортски активности се реализира во училишна спортска сала од соседното училиште СОУ „Таки Даскало“ Битола.

Интеракцијата меѓу наставниците и учениците во училиштето е добра. Постои добра интеракција меѓу наставникот и учениците. Интеракцијата на релација ученик-ученик најчесто е присутна во групната настава и при организирање на ревијални концерти: редовни полугодишни и годишни концерти, јавни настапи и други вонnаставни активности.

Приодот на наставниците кон сите учениците е индивидуален, што придонесува за развивање на индивидуалните вештини за учење на секој ученик. Најголем број од наставниците со учениците се однесуваат на начин што промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање. Притоа наставниците не прават разлика меѓу учениците според нивниот пол, социјално потекло, етничка и религиска припадност.

### 3.3. Искуство на учениците од учењето

Од посетата на часовите се констатира дека наставниците преземаат активности да ги поттикнат сите ученици во активностите на час. Мотивираноста кај учениците се зголемува со тоа што се организираат јавни часови, јавни настапи и настапи организирани од други институции и преку учества на учениците на државни и меѓународни натпревари.

Училишниот објект каде се реализира настава од средното образование, а е во сопственост на СОУ „Таки Даскало“ („долниот“ објект), не е доволно естетски уреден, има потреба од реновирање.

Учениците сметаат дека се учи на интересен начин. Од посетата на часови, се констатира дека поголем број наставници ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да извлекуваат заклучоци за она што го учат.

Поголем број од анкетираните ученици сметаат дека предавањата и објаснувањата на наставниците се јасни и ги слушаат кога сакаат да кажат нешто важно и ги пофалуваат кога ќе направат нешто добро. Во разговор со учениците беше истакнато дека имаат потешкотија во следење на наставата, заради оддалеченоста на двата училишни објекти и обемниот распоред на часови и немаат доволно слободно време.

Според наставниот план учениците во повисоките години имаат голем број на предмети и наставни часови, што претставува голем терет за учениците.

Наставниците најчесто не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици или возрасни. Учениците повремено заеднички работат на различни проекти во и надвор од наставата. Поголемиот број на ученици се чувствуваат прифатени, задоволни и среќни во училиштето.

Искуството на учениците од учењето е добро.

### 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Идентификувањето на образовните потреби на учениците се прави од страна на наставниците кои во процесот на наставата ги идентификуваат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик. Во училиштето нема запишани учениците со посебни образовни потреби. За учениците кои имаат потешкотии во совладување на наставните содржини, постои флексибилност и прилагодување на наставните содржини, спрема потребите и можностите на учениците. По препорака на класниот раководител психологот води разговор и интервјуа со ученици и родители кои имаат проблеми, од било каков карактер.

Стручната служба спроведува анкети за потребите и барањата на учениците, води индивидуални разговори со учениците по предлог на наставниците и класните раководители.

Задоволувањето на потребите на учениците е многу добро.

### 3.5. Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Училиштето на ниво на стручни активи има усогласени критериуми за оценување, со кои учениците и родителите се запознаени. Сите наставници имаат изготвено и користат критериуми за оценување на постигањата на учениците, за стручните предмети критериумите за оценување на учениците се изготвени на ниво на сите музички училишта во РС Македонија.

Следењето и оценувањето се планира во тематското планирање. Наставниците користат разни форми на оценување и следење на постигањата на учениците. Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, ангажираноста и мотивираноста за музичкото изразување. Во дневниците за индивидуална настава на учениците се внесуваат податоци со описна и бројчана оценка на напредокот на учениците, а оценувањето на учениците е по месеци.

Учениците на крај од наставната година задолжително полагаат годишен испит со музички концерт. Мислењето од комисијата за годишниот испит се евидентира во дневникот за индивидуална настава за учениците. Додека во текот на учебната година се одржуваат по два јавни часа (концерт на учениците) каде родителите, учениците, наставниците и стручните соработници можат да ги спознаат постигањата на учениците и да ги споредат со другите ученици од класот.

Наставниците ги користат информациите добиени од оценувањето за да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.

Во изминатите три учебни години до наставнички совет и до училишен одбор нема доставено приговор од страна на ученик или родител по однос на оценка. Според анкетните прашалници поголем број ученици сметаат дека наставници бараат многу при оценувањето.

Оценувањето, како дел од наставата е добро.

### 3.6. Известување за напредокот на учениците

Училиштето секогаш е отворено за прием на сите субјекти вклучени во воспитно образовниот процес. Родителите за постигањата на учениците усно се известуваат од класниот и предметниот наставник, на индувидуални и заеднички родителски средби, како и писмено преку евидентни листови за секое тримесечие и свидетелства на крај на учебната година, во кои е внесен успехот и поведението на учениците. Училиштето ја почитува законската одредба за информирање на родителите за постигнатиот успех на учениците во сите периоди на оценување.

Во училиштето редовно се води електронска евиденција (е-дневник) на наставата од средното образование, и истата се следи од страна на стручната служба на училиштето.

Известувањето за напредокот на учениците е многу добро.

# 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 4.1. Севкупната грижа за учениците

Инфраструктурата во училишните згради во Државното музичко училиште - Битола е добра и безбедна и не претставува потенцијална опасност од повреда на учениците. Наставата во „долниот“ обејкт се изведува во пространи и осветлени училници, соодветни на училишните стандарди. Пристапот во училишните згради не е прилагоден за влез на лица со физички хендикеп, нема поставена пристапна рампа и не е ограден. Училиштето располага со основни можности за грижа на учениците со ПОП (талентирани ученици), и за истите се изработува флексибилна наставна програма во делот на индивидуалната настава, а стручната служба им нуди поддршка во други активности и проекти каде дополнително го истакнуваат својот талент.

Во училиштето, двајца вработени се обучени за давање на прва помош на работно место на ученици и вработени при несреќни случаи и истите поседуваат уверенија. Шест вработени поседуваат сертификат за заштита од пожари.

Училиштето има Програма на безбедност и здравје при работа. Обука на тема „Безбедност при работа“ имаат посетувано сите вработени во 2021 год. Училиштето има План за заштита и спасување од природни непогоди и План за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, на кои позитивно мислење има дадено Дирекцијата за заштита и спасување.

Во училиштето е означен правецот на движење на учениците и вработените во случај на елементарна непогода во трите училишни згради, има и светла за движење во темно, но, училиштето нема поставено шема за евакуација. Оваа учебна година е спроведена симулација на спасување во случај на елементарна непогода (пожар), согласно Планот за евакуација на училиштето. Во трите згради училиштето по ходниците и на влезовите во училиштето има поставени „Панични светла“ со сензори. За време на одморите нема дежурства по ходниците од страна на наставниците.

Во трите училишни згради поставени се 6 противпожарни апарати. Последно сервисирање на противпожарните апарати е извршено на 19.10.2023 год. од страна на овластен сервисер. За ракување со противпожарните апарати овластени се 6 лица и истите поседуваат сертификат. На покривите од училишните згради на Булевар „1-ви Мај“ нема поставено громобранска инсталација, а нема ни хидранти. Во „долниот“ објект кој го користат на ул. „Димче Илиевски - Мурато“ бр.37 има хидранти и нова громобранска инсталација и истата е сервисирана.

Училиштето склучило договор за осигурување на учениците и вработените со осигурителна компанија. При изборот на осигурителна компанија за осигурување на учениците, бил вклучен и Советот на родители. Зградите на Булевар „1-ви Мај“ се осигурани преку осигурителна компанија „Евролинк осигурување“ (од пожар и други опасности на градежен објект), а опремата во училишните згради од провала и кражби не е осигурана.

Во училиштето нема организирана исхрана за учениците. Учениците сметаат дека заради големиот број на часови и движењето меѓу два објекти имаат потреба од хранење во училиштето, односно да се постават автомати за кондиторски производи.

За учениците кои патуваат има организиран превоз. Училиштето во добар број случаеви, го организира превозот на учениците и наставниците при патување на јавни настапи.

Училиштето води политика за забрана на пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични средства. Во училишната зграда има истакнати забрани за носење оружје, за пушење, конзумирање на алкохол и наркотични средства. Во училиштето се почитува забраната за појави на пушење и конзумирање на алкохол.

Училиштето има донесено Куќен ред на училиштето, Кодекс на однесување на учениците, Кодекс на однесување на родителите во училиштето и училишниот двор и истите се во состав на Годишната програма за работа на училиштето за учебна 2023/24 година. Има Кодекс за вработените, а за време на КОВИД 19 - пандемијата изготвени се посебни Кодекси и прилагодување на постоечките услови на ситуацијата. За време на КОВИД 19 - пандемијата во училиштето има добра реализација на воннаставни активности, каде се вклучени учениците од средното образование и наставниците, а во соработка со стручната служба на училиштето. Истите се реализирани on-line на различни теми, и се однесуваат на советување и давање на психолошка и социо-емоционална поддршка на учениците, справување со кризни ситуации и стрес, развој на нивниот емоционален и социјален развој за време на кризи и слично. Индивидуалната настава за време на пандемијата е реализирана со физичко присуство, со одобрение на МОН. Групните советувања со ученици и родители се реализирани преку договорена интернет апликација - MS Teams, а индивидуалните советувања со физичко присуство со почитување на протоколите утврдени од МОН. Реализирани активности на теми поврзани со заштита на менталното здравје: Техники за справување со стрес, Техники на самоподдршка, Работилници за менталното здравје кај музичарите и др. Од страна на стручната служба со учениците се организирани голем број работилници.

Во училиштето се посветува големо внимание на превенција и намалување на насилното однесување, се забранува секаков вид на насилство и во училиштето не се евидентирани вакви појави. На часовите на класните часови се обработуваат теми за ненасилно однесување и мирно разрешување на конфликти. Стручната служба има реализирано голем број на работилници и советувања за намалување и превенција од насилство со учениците, наставниците и родителите. Училишен тим од ученици со поддршка од стручната служба и наставниците има реализирано „Музичко театарски перформанс“ на оваа тема. Поддршката за превенцијата од насилство училиштето ја реализира и во соработка со општински институции, НВО и Здруженија, МВР – Битола, Совет за превенција на детско претстапништво и др. Стручната служба и класните раководители имаат учествувано на обука на тема: „Ментално здравје“. Училиштето на тема од сообраќајот води многу добра кампања и грижа за безбедноста на учениците во сообраќајот.

Училиштето има програма за поддршка на ученици со емоционални потешкотии. Психологот обезбедува поддршка на учениците со емоционални проблеми, преку индивидуални и групни средби, а во соработка со наставниците, социологот, директорот, со учениците, родителите на учениците. Учениците се вклучуваат во активности кои го поттикнуваат социо-емоционалниот развој и зајакување на самодовербата на учениците, свеста за себе, свест за правата и одговорностите, препознавање и справување со емоции итн/. Идентификувани се два ученици со емоционални потешкотии. За планираните активности се води евиденција и евалуација .

Училиштето и стручната служба ги советува и им помага на родителите/старателите на учениците од социјално загрозени семејства да ги обезбедат правата од социјална заштита преку социјалните служби. Идентификувани се два ученика од социјално загрозени семејства. Училиштето има Програма и протокол за поддршка на ученици од социјално загрозени семејства. Во рамките на грижата за учениците од социјално загрозени семејства има организирано голем број на хуманитарни активности за донирање на различни материјали и средства, како што е хуманитарна акција за собирање на парични средства за ученици од училиштето кои останале без еден или двата родители, хуманитарна акција во врска со побарана парична помош за болничко лекување на родител на ученик од училиштето, помагање на социјално загрозени семејства од други училишта и слично.

Севкупната грижа за учениците е добра.

### 4.2. Здравје

Хигиената во училишните простории, ходниците и тоалетите делумно задоволува. Одржувањето на хигиената делумно задоволува.

Во училиштето редовно се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација.

Во состав на Годишната програма за работа на училиштето е и Програмата за грижата за здравјето на учениците, во која се планираат редовните активности (вакцинации, систематски прегледи), но и предавања за здрав развој, здрава храна, хронични болести, болести на зависност, превенција од насилство итн.). Училиштето редовно нуди заеднички активности како што се проекти, акции со цел промовирање на здравјето и благосостојбата, како и дискусии со учениците во класовите на вакви теми.

Училиштето спроведува програми кои се насочени кон развивање на индивидуални вештини и знаење на теми од областа на здравјето, преку дискусии на различни теми поврзани со превенција од заразни болести. Реализирани се предавања, работилници и едукативни трибини за заштита од сексуално преносливи болести за девојчиња, заштита од пороци (дрога, цигари, алкохол), сајбер насилство и др.

Согласно календарот и програмата за имунизација и систематски прегледи на средношколци, во последните три учебни години не се извршени систематски прегледи на ученици поради пандемијата. Извршена е имунизација – вакцинација на учениците од четврта година во 2020/2021 год. и во февруари 2023 год. Вакцинацијата и систематските прегледи се вршат во Здравствениот дом во Битола, вон време на настава.

За наставниот кадар, редовно еднаш годишно се вршат санитарни прегледи, за кои прегледи се водат санитарни книшки (последен во ноември 2022 год.). Се вршат и редовни здравствени прегледи (на две години), за кои прегледи училиштето добива повратна информација за работната способност на вработените. Последниот здравствен преглед на вработените е извршен во 2022 година.

### 4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Во состав на Годишната програма за работа на училиштето е Програмата за професионална ориентација на учениците. Стручната служба учествувала на Обука за кариерно советување и е добиен сертификат. Оваа учебна година во училиштето се обновува Кариерниот центар за професионална ориентација на учениците.

Во училиштето се врши промоција на високо образовните институции пред учениците од четврта година. Учениците навремено се информирани за објавените конкурси за запишување на ученици на факултетите.

## 4.4. Следење на напредокот

Следењето  на напредокот на учениците е многу добро.

Наставниците водат евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик во Е - дневникот на паралелката. Во основното и во средното образование се води пишан дневник за индивидуална настава.

Во училиштето се изготвуваат прегледи и извештаи за постигањата, редовноста и поведението на учениците на крајот на првото полугодие и за крај на учебната година и податоците влегуваат во полугодишниот и годишниот извештај на училиштето. Наставниците подготвуваат редовни извештаи по квартали врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Континуирано го следат и вреднуваат напредокот на постигањата на учениците, редовноста и поведението на секој ученик.

Истотака, наставниците водат следење на постигањата на учениците на јавни настапи, натпревари и други воннаставни активности.

Со податоците за постигањата и редовноста на учениците родителите редовно се информираат на индивидуални средби и на родителските средби, а писмено преку евидентните листови за секое тримесечје, на полугодие и со свидетелствата на крајот на учебната година.

# 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

## 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

Државно музичко училиште - Битола е препознатливо како училиште од кое излегле познати музички имиња. Во градот и околината ужива голем углед. Наставниот кадар ужива почит кај родителите. Препознатливо по високиот квалитет на работа на наставниците, постигањата на учениците на државни, меѓународни натпревари, како и по учества на културно уметнички манифестации.

Во училиштето се видливи позитивните меѓучовечки односи. Постојат голем број примери на тимска работа, соработка и професионален однос кон работата. Наставниците и стручните соработници сметаат дека меѓусебната професионална соработка е добра, како на ниво на стручни активи (класи), така и на ниво на училиште.

Училиштето има кодекси на однесување за вработените, учениците и родителите и истите добро се почитуваат. Во нив се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето. Кодексот за однесување на учениците е истакнат во холот на училиштето. Во него еднакво се третираат сите ученици без разлика на социјалните, половите, етничките и интелектуалните разлики. Училиштето има куќен ред за однесување на сите вработени.

Најголемиот број наставници и ученици сметат дека учениците се однесуваат учтиво и соработуваат меѓусебно и со наставниците. Во училиштето владее меѓусебна доверба и почитување на сите вработени. Повремено, оддалеченоста на двата училишни објекти претставува причина за потешкотија во комуникацијата меѓу вработените и нивна поделба. Постојат примери за заложби од страна на стручната служба за тим-билдинг и сплотеност во колективот.

Поведението и дисциплината на учениците се многу добри. При прекршување на правилата пропишани со кодексите, за учениците се применува Правилникот за изрекување на педагошки мерки. Училиштето води политика на заемно почитување и рамноправност. Училиштето има пропишани процедури за реагирање во случај на прекршување на правилата на однесување.

Сите ученици се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. Учениците и вработените ги почитуваат демократски усвоените правила на однесување на училиштето. Задоволни се од работната атмосфера која се обезбедува за време на наставата и воннаставните активности. Најголемиот број од вработените се трудат да бидат позитивен пример за учениците и со внимание се справуваат со проблемите што се однесуваат на дисциплината и редовноста. Во училиштето нема расправии на етничка основа. Стручните соработници и наставниците сметаат дека проблемите кои настанале со непочитување на правилата на однесување, успешно ги надминуваат преку разговори и советувања на учениците и родителите.

Младинската заедница е демократски формирана на сите нивоа. Учениците сметаат дека се добро вклучени во донесувањето одлуки за прашања што се од нивен непосреден интерес. Работата на младинската заедница во остварувањето на програмата е помогната и менторски е поддржана од психологот во училиштето. Најголемиот број ученици сметаат дека навремено информирани од младинската заедница за сите работи што се од нивен непосреден интерес и се вклучени во решавањето на проблемите.

Училишната клима и односи се добри.

### 5.2. Промовирање на постигањата

Училиштето многу добро презема активности за да ги промовира постигањата на учениците. Најголемиот број наставници го користат пофалувањето како начин на мотивирање за поголеми постигања.

Промовирањето на постигањата на учениците во рамки на училиштето се врши со доделување на пофалници и награди на учениците што постигнале високи резултати на натпревари. Во ова се вклучени учениците од новинарско-истражувачкиот тим. Во училиштето на видни места се поставени дипломи, награди, пофалници и други потврди на успесите на учениците и нивните наставници.

Училиштето ги промовира личните постигањата на учениците преку флаер (информатор), доделувања награди и пофалници на патрониот празник, со учество на други јавни манифестации (Концерти за годишница од постоење на училиштето, Годишен концерт на училиштето, интерни јавни настапи и др.), на отворени средби со родителите и др.

Училиштето има политика на потикнување на наставниот кадар и на учениците да учествуваат на натпревари на локално, регионално, државно и меѓународно ниво. Истите учествуваат на натпревари и последните 3 години освоени се многу награди, по што оваа училиште се издвојува од сите останати училишта во градот. Но, училиштето нема доволно развиен систем на наградување на учениците што постигнале успех и за наставниците кои ја давале подршката.

Надвор од училиштето, постигањата на учениците се промовираат преку училишната web страна (www.muzickobitola.edu.mk), локалните телевизии, македонското радио, локални web-портали, преку фејсбук профилот на училиштето, како и преку учество на ученици на разни натпревари, конкурси, хуманитарни, културни акции и други воннаставни активности, во и надвор од државата.

Промовирањето на училиштето е многу добро.

### 5.3. Еднаквост и правичност

Најголемиот број од воспитно-образовниот кадар ги знае и ги почитува правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги знаат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување.

Најголемиот број ученици и родители сметаат дека вработените во училиштето правично и со почит се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите на учениците. Има мал број примери на несоодветно однесување на наставниците кон учениците.

Учениците се учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во рамките на училиштето и пошироко. Истите се промовираат преку предавања, работилници и други воннаставни активности. Воннаставните активности во ова училиште се од најголема важност. Вклученоста на учениците и наставниците во нив е регулирана со училишни протоколи и правилници, запазувајќи критериуми и начела за правичност. Еднаквоста и правичноста во училиштето се многу добри.

Училиштето ги вреднува и промовира родовата, етничката, верската и јазичната разновидност во училиштето и поширокото опкружување. Учениците многу добро учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во државата и надвор од неа.

Прифаќањето и промовирањето на мултикултирализмот во редовната настава и во воннаставните активности е многу добро.

## 5.4. Партнерски однос со родителите, со локалната и деловната заедница

Соработката на училиштето со општината и урбаната заедница е многу добра. Училиштето е доста вклучено во животот на општината Битола, преку спроведување на многубројни заеднички активности во соработка со јавните установи во општината, како и проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Соработката со јавните установи во Битола е на високо ниво, како со: Културно-информативниот центар (Офицерски дом), Центарот за култура-Битола, НУ Библиотека-Битола, полското здружение, „Ротари-клуб“ и др.

Партнерскиот однос со родителите и деловната заедница е добар. Училиштето планира и презема активности со цел да вклучи што поголем број родители во воспитно-образовната работа на училиштето. Добар број родители се вклучуваат во работилници и во дел од воннаставните активности. Соработката со најголемиот број родители училиштето ја остварува преку индивидуалните и групните родителски средби. Училиштето на законски начин ги избира претставниците на родителите во Училишен одбор. Советот на родители е активен. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.

Училиштето повремено соработува со деловната заедница во насока на обезбедување на средства за подобрување на условите за работа на училиштето и за реализирање на воннаставните активности, во смисла на донации и помагање на училиштето. Има мал број примери за остварена соработка со граѓанскиот сектор. (невладини организации). Училиштето не е вклучено во „Еразмус“ или друг меѓународен проект.

Партнерскиот однос со родителите, со локалната и деловната заедница е добар.

# 6. РЕСУРСИ

## 6.1. Сместување и просторни капацитети

Наставата во Државното музичко училиште Битола (ДМУ) се реализира во три училишни објекти од кои: два објекти на адреса Булевар „1-ви Мај“ бр. 110, („горен“ објект) сместени во централното градско подрачје, и еден објект на адреса ул. „Димитар Илиевски Мурато“ бр. 37 („долен“ објект), дел од зграда (3 и 4 кат) на СОУ „Таки Даскало“- Битола, отстапена на користење. Училишниот простор е максимално и многу добро искористен. Оддалеченоста на објектите во кој се изведува наставата создава потешкотии во изведувањето на воспитно - образовниот процес во училиштето.

Сите три згради се тврда градба со вкупна површина од 2276 м² и дворно место 1052 м$^2$. Оддалеченоста од едниот објект со останатите два објекти е повеќе од 2 км што претставува потешкотија при изработката на распоредот на часовите и навременото доаѓање на настава од страна на учениците. Училиштето располага со 8 училници за групна настава, 29 кабинети за индивидуална настава, 1 библиотека, 2 концертни сали, опремено музичко студио (кое не е во функција), 3 канцеларии, 2 простории за помошно-техничкиот персонал, 2 наставнички канцеларии. Училиштето има потреба од училници и кабинети, а нема сопствена фискултурна сала, ниту спортски игралишта. За изведување на наставата по спорт и спортски активности се користи спортската сала на СОУ „Таки Даскало“.

Училишната зграда што е дел од СОУ„Таки Даскало“, има инфраструктурни подобрувања, PVC прозорци, но истите не ги задоволуваат потребите. Извршена е реконструкција на покривот кој претходно прокиснувал, извршена е санација на училниците и кабинетите во кои претходно прокиснувале таваните (гипс картон) и подовите кои исто биле оштетени од влага. Потребно е да се направи замена на внатрешната столарија и подобрување на санитарни јазли во кои условите делумно задоволуваат. Затоплувањето на училишниот простор е со 25 печки на дрва што предизвикува значителни потешкотии при реализирањето на наставата, заради чадот и прашината што ја загрозуваат здравствената безбедност кај учениците и вработените. Во помалите кабинети греењето е со греалици. Училиштето во оваа училишна зграда има мал број на технички персонал согласно квадратурата на просторот и начинот на загревање во оваа училишна зграда, и за истото училиштето неколку години веќе доставува барање до МОН за вработување на технички персонал.

Останатите две помали згради кои се наоѓаат на булевар „1-ви Мај“ се изградени во 1910 г. и се под заштита на Управата за заштита на културното наследство. Санитарните јазли за учениците се во состав на едната училишна зграда со влез од дворот, во другата зграда санитарни јазли има за вработените истите се реновирани. Во двете училишни згради во тек е реновирање на подовите (стружење и лакирање) и бојадисување на цел внатрешен дел во двете згради, како и чистење и санација на олуците на кровната конструкција. Дел од внатрешната столарија е во лоша состојба и потребно е нејзина замена. Дел од кабинетите се мали простории. Затоплувањето во објектите е со парно греење. Училишниот простор е целосно ограден.

## 6.2. Наставни средства и материјали

Училиштето располага со добар број музички инструменти и други технички помагала. За одржување на инструментите училиштето повремено се соочува со финансиски потешкотии. Стручната литература е разновидна, истата е во добар број, и достапна до учениците и наставниците on-line. Во последните три учебни години се набавени

дополнителни инструменти, но и понатаму има потреба од набавка на нови музички инструменти. Потребна е замена на дотраените музички инструменти со цел обезбедување на потребниот број инструменти за потребите на учениците (вежбање и давање на реверс). Гудачки и дувачки инструменти има во добар број за учениците од основното и средното образование, заради што дел од учениците сами си ги обезбедуваат. Инструментите тековно и навремено се одржуваат и штимаат, за што редовно се предвидуваат средства во училишниот буџет.

Во текот на учебната година се вршат набавки на потрошен материјал, кои добро ги задоволуваат реалните потреби на училиштето. Се врши набавка на дезинфекциски и други потрошни материјали за непречено одвивање на наставниот процес

Во наставата се користат 7 компјутери распоредени по еден во 7 училиници во училиштето. Во две училници има поставено две смарт интерактивни табли. Но, нема услови за реализација за наставата по информатика. Има потреба од набавка на нова современа компјутерска технологија за настава.

Училиштето располага и со друга техничка опрема (звучници, печатачи, фотокопири, проектори и др.). Музичкото студио е целосно опремено, но не е во функција.

Училишната библиотека се наоѓа во „долниот" објект. Библиотеката располага со: 1109 раскази, романи и критики; 697 литературни списанија; 330 стручна литература; 115 странски списанија и 2753 наслови од нотна литература (ноти за инструменти и стручни наслови од теоретските предмети). Според мислењето на наставниците училишната библиотека добро ги задоволува нивните и потребите на учениците, но треба да се доопреми со нотна литература и стручна литература. За обновување и дополнување на книжниот фонд, посебно за лектирни изданија училиштето континуирано врши набавки во рамките на своите можности. Во библиотеката работи еден наставник со пола работно време како билиотекар и пола работно време како наставник по македонски јазик и литература.

Библиотекарот има изготвено Годишна програма за работа на библиотеката, која што е во состав на Годишната програма за работа на училиштето. Библиотечна евиденција се води со картотека. Евиденцијата е целосна. Библиотеката има работното време во понеделник од 11.00 до 13.00 часот, вторник и петок од 9.00 до 13.00 часот, среда и четврток од 10.00 до 13.00 часот и истото се почитува во целост. Сместена е во добри просторни услови, а просторно се користи и како читална и медиотека. Во истата просторија работи Центарот за кариерен развој.

### 6.3. Обезбедување на наставен кадар

Во оваа учебната 2023/24 година наставата ја реализираат вкупно 70 наставници од кои 63 наставници се вработени во ДМУ, а 7 наставници доаѓаат од други училишта. Со определено работно време се 16 наставници, од кои 3 наставници се со несоодветно образование според Нормативот за наставен кадар, останатите се со соодветно образование. На неопределено работно време се 54 наставници. Од наставниот кадар 13 се магистри, а 1 е доктор на наука.

Во училиштето има 4 наставници кои користат неплатено отсуство, за истите училиштето има обезбедено замена. Во училиштето не се реализира наставата по италијански јазик, поради немање на соодветен наставен кадар, за истото училиштето се обратило до АВРСМ. За истото има писмено известување од АВРСМ дека во нивната

евиденција на невработени и во агенциите во околните градови нема пријавено таков профил на наставен кадар.

Работата на наставниот кадар е потпомогната од социолог и психолог, директор, како и од административно техничкиот персонал (секретар, благајник и 5 лица технички персонал).

Социологот и психологот на училиштето многу добро им помагаат на наставниците во организирањето на наставата, следењето на напредокот на учениците, справување со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање соодветна помош. Стручните соработници во својата програма за работа планираат и спроведуваат разни активности за работа со учениците и наставниците и секогаш се отворени за соработка.

Вработените го почитуваат работното време. Редовноста и извршувањето на работните задачи се контролира од страна на раководниот орган. Во случаи на отсуство на некој наставник се наоѓа соодветна замена.

### 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот. Од увид во училишната евиденција на професионалните досиеја се констатирани мал број на реализирани обуки кај повеќето наставници од областа на музика. Кај стручната служба истите се во добар број. По реализираните обуки и семинари во училиштето се вршат дисеминации. Наставниците ја истакнаа потребата од обезбедување на стручни обуки, од областа на музиката.

Во училиштето има План за професионален развој на наставниците и стручните соработници , и наставниците поседуваат лични планови за професионален и кариерен развој. Во оваа учебна 2023/24 година има 3 наставници - приправници и за истите има определено ментори со изготвени менторски програми.

Наставниците имаат портфолија за планирањата и нивната реализација и навремено ги ажурураат секоја учебна година. Добар број наставници од стручните предмети имаат обуки кои сами си ги финансираат. Наставниците и стручната служба имаат посетувано обука за работа со ученици со потешкотии во учењето, како и ученици со инклузија.

Училиштето има и внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата и го афирмира училиштето.

### 6.5. Финансиско работење во училиштето

Училиштето секоја година донесува финансиски план, како и извештај за финансиското работење на училиштето со одлука на Училишниот одбор. Училиштето добива финансиски средства од буџетот на РСМ, има донесено финансиски план за 2023 година за буџетската сметка и за сметката за самофинансирање. На сопствената жиро сметка на училиштето има остварено прилив на средства од партиципацијата на учениците од: партиципација во износ од 2000 денари во основното образование и приходи од вонредни испити, дипломи и дупликат на сведителства во средното образование. Приходите се користат за збогатување на фондот на музички инструменти и други потреби за нормално функционирање на наставата во училиштето.

Во училиштето има План за јавни набавки. Училиштето има формирано Комисија за јавни набавки. Истата спроведува јавни набавки од мала и голема вредност.

За финансиското работење училиштето ги информира органите и телата во училиштето, како и основачот на училиштето МОН, преку годишниот извештај.

Финансиското работење е добро, домаќинско и транспарентно.

# 7. УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКА

## 7.1. Управување и раководење со училиштето

Управувањето и раководењето со Државното музичко училиште - Битола е добро. Училишниот одбор (УО) како орган на управување е составен од 12 члена и истиот е конституиран согласно Законот за средно образование и Статутот на училиштето. Училишниот одбор има деловник за работа и програма за работа и со истите го организира своето работење. Училишниот одбор ги извршува своите законски обврски, презема конкретни чекори за идентификување на состојбите, поставување на приоритети и предлагање иницијативи и активности за подобрување на постигањата на учениците како и на целокупниот воспитно-образовен процес.

Членовите на УО се со легитимен мандат, и оваа учебна година е реализирана обука за својата работа.

Состаноците на Училишниот одбор се добро организирани, членовите уредно и навремено се поканувааат и секогаш се обезбедува потребното мнозинство за работа. За одржаните состаноци се водат записници.  Училишниот одбор донесува одлуки, дава мислења, разгледува финансиски планови и извештаи.  Соработката на Училишниот одбор со родителите, директорот и локалната самоуправа е на високо ниво.

Директорот на училиштето, како раководен орган, има професионален однос кон работата и како приоритет на своето работење го става подобрувањето на условите за работа на училиштето, редот и дисциплината во училиштето, постигањата на учениците, како и следење на новините - специфични за музичката струка. Работењето на директорот е засновано на тимска работа, донесува одговорни и амбициозни одлуки и истото е добро транспарентно. Директорот има поддршка во раководењето и реализирањето на образовната политика од сите структури на училиштето. Соработка на директорот со наставниците, стручните соработници, административниот кадар и учениците е добра. Има добар број примери на негови лични заложби за промовирање (маркетинг) и подобрување на наставата и вонНаставните активности во училиштето.

## 7.2. Цели и креирање на образовната политика

Целите и креирањето на училишната политика на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика. Овие цели се зацртани во Програмата за развој на училиштето, како стратешки документ, донесен од страна на Училишниот одбор. Во училиштето овие цели се насочени на подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. Во креирањето на училишните образовни политики активно се вклучени и формалните тела (Совет на родители, стручните активи и др).

Училиштето има изработено самоевалуација во која прецизно се забележани јаките страни во работењето, но и слабите страни, страните кои треба во иднина да се подобруваат. Соодветно на детектираните слаби страни во самоевалуацијата, училиштето има донесено Програма за развој на училиштето. Во Програмата целите на развојната политика се прецизни, и јасно отсликани и сите опфатени, мисијата и визијата на училиштето, а при нивните поставувања се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците на локалната заедница. За сите поставени цели се изготвени акциски планови  со носители на активностите со временски рок  по  години и континуирано извршување.

## Наоди и препораки

### Јаки страни

- Вonнаставните активности се многу добри,
- Постигањата на учениците се многу добри,
- Поголем број наставници користат разновидни адекватни наставни форми и методи на работа кои се соодветни на потребите на учениците.
- Интеракцијата меѓу учениците и возрасните во училиштето е на многу добро ниво,
- Во училиштето се посветува големо внимание на превенција и намалување на насилното однесување,
- Угледот/имиџот на училиштето е многу добар,
- Училишната клима и односи се добри,
- Промовирањето на постигањата на учениците и училиштето е многу добро,
- Еднаквоста и правичноста во училиштето се многу добри,
- Прифаќањето и промовирањето на мултикултирализмот во редовната настава и во вonнаставните активности е многу добро,
- Соработката на училиштето со општината и урбаната заедница е многу добро.

### Слаби страни

- Потребни се обуки за наставниците од нивната музичка струка,
- Има потреба од набавка на нова современа компјутерска технологија за настава,
- Има потреба од набавка на нови музички инструменти, како и одржување на инструментариумот.

## ПРЕПОРАКИ

- **Училиштето согласно финансискиот план и во соработка со основачот да преземи мерки и активности за поддршка за професионален развој на наставниот кадар, и да обезбеди соодветни стручни обуки на наставниците од областа на музиката,**
- **Училиштето согласно финансискиот план и во соработка со основачот да преземи мерки и активности за набавка на нова современа компјутерска технологија за настава,**
- **Училиштето согласно финансискиот план и во соработка со основачот да преземи мерки и активности за набавка на нови музички инструменти, како и одржување на инструментариумот.**

| | |
|---|---|
| Весна Корлевска, раководител на инспекциски тим | |
| Жаклина Наумовска, инспектор | |
| Илија Илиески, инспектор | |